Пишува:
Александар КЕЛТАНОСКИ

# KIA KOUP



На Салонот во Њујорк "Kia" го претстави својот најнов концепт KOUP и најави дека токму неговиот агресивен дизајн претставува основа за креирање на идните модели на марката. Концептот креиран во студиото за дизајн на "Kia" во Калифорнија нуди релативно класична форма олицетворена со дизајнерски детали кои ѝ припаѓаат на иднината, заедно со користените материјали за изградба на каросеријата.





Аеродинамичните додатоци, како задниот дифузер, црниот спојлер во предниот браник, надворешните ретровизори се изработени од карбон фибер. Спортскиот стил го потврдуваат големите отвори за воздух во предниот браник, страничните завеси, уникатните лесносметални бандажи кои ги откриваат огромните вентилирачки бушени дискови и сопирачките клешти од "Brembo". Под профилираната хауба се крие 2.0 литарски турбо бензинец со директно вбризгување, прво на "Kia", кој развива 290 кс и вртежен момент од 390 Nm расположливи меѓу 2.000 и 4.000 вртежи.

# PININFARINA SINTESIA

Концептот на дизајнерската куќа "Pininfarina", Sintesia, премиерата ќе ја доживее на Салонот во Женева. Од "Pininfarina" откриваат фотографии од делови на автомобилот, но сега ги објавија и целосните фотографии. Sintesia, како што кажува нејзиното име, е синтеза на убавината, спортскиот дух - автомобилот ќе се движи со помош на водород, кој преку горивните ќелии ќе произведува електрична енергија за електричните мотори, кои ќе имаат сила од 700 кс и функционалноста - во внатрешноста ќе можат да се сместат четири возрасни патници. Pininfarina Sintesia ќе остане само концепт, но како што велат луѓето од компанијата, со него тие сакаат да го покажат патот на автомобилската индустрија во иднината.






ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА

**ДЕНТА НОВА**

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија

Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com



SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO ORDINACIJATA "DENTA NOVA "